**СООПШТЕНИЕ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ЛЕТЕН СЕМЕСТАР (ПРВА ГОДИНА) ВО УЧЕБНАТА 2015/2016 (НОВИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ - IKnow)**

Запишувањето ќе се врши во периодот од:

# 25.01.2016 година до 10.02.2016 година во периодот од 11,00-15,00 часот

(преку шалтерите на студентската служба)

**Пријавувањето по електронски пат е задолжително за сите студенти и ќе биде достапно од 25.01.2016 до 10.02.2016 година.**

По овој рок online пријавувањето ќе биде **оневозможено** и студентите запишувањето на семестарот ќе можат да го извршат со казна во висина од **500** ден.

На шалтер нема да бидат примани некомплетни документи.

**Потребни документи за запишување на семестар:**

**1. ИНДЕКС**

**2. ОБРАЗЕЦ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СЕМЕСТАР (А3**) со 50 ден. административна такса. (се запишуваат предметите кои се пријавуваат за слушање во летниот семестар во учебната 2015 /2016 година).
(ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ ВИДИ СООПШТЕНИЕ)
Студентите кои пријавувањето ќе го вршат преку iKnow системот уплатите за административна такса можат да ги извршат со СМС порака преку мобилен телефон, при што задолжително студентот сам си го внесува бројот во iKnow системот.

**3. ПРИЗНАНИЦА (ОБРАЗЕЦ ПП 50)**, во корист на Машински факултет на СМЕТКА 100000000063095, ЕДИНКА КОРИСНИК 1600104278 788 11, ПРИХОДНА ШИФРА 723012 41 и НАЧИН 2.

- студентите кои се запишани во државна квота (со надоместок за студирање во висина од 200 eur) треба да уплатат **<u>6 150 ден</u>**., со цел на дознака - „втора рата од надоместокот за студирање"
- студентите кои се запишани со надоместок за кофинансирање на студиите (во висина од 400 eur), треба да уплатат **<u>12 300 ден</u>**., со цел на дознака - „втора рата од надоместокот за кофинансирање на студиите"

Студентите се должни да се најават на страницата на iknow системот, линк: http//www.iknow.ukim.edu.mk и по електронски пат да ги пријават предметите кои ќе ги слушаат во летниот семестар учебната 2015 /2016 год. (неположените предмети од претходниот летен и предметите од тековниот летен семестар).

Студентите се должни да ги впишат во својот индекс насловите на пријавените предмети и бројот на (ектс) кредити за секој предмет поединечно (на страната каде ќе го запишат летниот семестар во учебната 2015 /2016 год.).

**За секое задоцнето запишување на семестар, студентите се должни да уплатат казна во висина од 500 денари , согласно одлуката бр.02-2331/1 од 16.09.2005 г. Донесена врз основа на ценовникот за висина на надоместоците што ги плаќаат студентите, (донесен од советот за развој и финансирање на високото образование).**

Скопје, 22.01.2016 година Машински факултет - Скопје